Службен весник број: 98/2013
Датум на објавување: 11.07.2013

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 87/2013 и 145/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.7.2013 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 4/2013), под табелата 1 се додава нов став кој гласи: „Точката 4 од табелата 1 со вкупен износ од 2.464.390,00 денари се однесува на набавени лекови од 2012 година под тендер бр. 02-258/17 од 5.07.2012 година за лекови од прв ред, за лекување на нови и лекувани болни со туберкулоза, со кои се обезбедени лекови за 2013 година.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-4450/1
6 јули 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески** , с.р.